*
*   *

*Дали човековото сознание е еден своевиден универзум во сеопштата делум одгатната и затоа уште повеќе загатлива вселена? Каква е врската помеѓу двигателот на мислата и бескрајноста? Дали е за нас кој не сме научници одговорот доловлив? Едно сепак знаеме. Многумилионските клетки на разумот низ столетија и столетија се врзувале со таа бесконечност преку преданија и аристотелско-галилејски откритија. До столетиево кога митот на современоста се збогатува со вселенски патувања. Според тоа, вселената можела да биде и поглед на занес, и страв на мракот, и страст да се навлезе во загатка, што не еднаш ги возбудувало уметниците. И не само нив. Духот се стремел кон таинствени простори. Ги наоѓал со претпоставки. Од зборот на Хомер до денешните живи класици на фантастиката Лем, Бредбери, Лукас. И во ликовноста или сликовитоста, од сумерските глинени плочи со таинствени знаци, преку Бош, до денешните — Ернест, Кле, Дали. Или до некој, овде, кај нас, приврзаник на магијата на севозможните линии и бои.*

*Согледувањето на оваа алхемија и, пак, антиалхемија нѐ извлекува од оковите со кои нѐ притиснал современиот живот, густо соочувајќи нѐ со тривијални ревии и ревијални тривијалности на екраните. Со фотоси чиј колор е зависен од лабораториски умешности. Со шокантна патетика на електронски мозоци, програмирани како композитори, поети и, кон тоа, како сликари. А сепак зависноста на две клетки една од друга или на две искри на духот, нивната заемност, е посложен и кон тоа похармоничен процес отколку фасцинантните божества на објективот и на електрониката. Значи, се јавува некаков антикласицизам, дури и со изложен куп живи овци или со откорнат камен и отфрлен дел на машини збогатени со звук „од*

*нигде“ и со секакви игри на електрична светлина. Тоа, според некои, е протест кон стегата на рамката, кон статичноста на погледот наспроти платното, кон бојата која не открива под епидермата движење на крвоток, раст и развој на организам, тајна на пулсирање. Сликарство? се извикува. Каква старомодност и помиреност со естетските норми на општеството?*

*Како и да е, ние ќе се задржиме сепак, и уште малку на сликарството. Зашто, најпосле, овде е и збор за тоа сликарство.*

*Овие размисли нè обземале и порано. Сега тие се пак обновен придружник во ателјето, поточно во живеалиштето на Васко Ташковски. Есенски ден е, неделно утро. Меко се лизга четка по платно. Се доискажува. Надсликува дел на еден свет кој е и флора и камен, претпоставено парченце на планета, и пак можен двојник на оваземен предел гледан низ превез на испреплеткани виножита. Превезот е еднаш конкавна леќа, еднаш ребрест или свиоклив. Според законот на своја хармоничност во сликата живеат златникаво жолти сфери соединети со зелени облици. Двата тона, на прв поглед бизарни, имаат во себе свои светлости и свои сенки што најпрвин ќе се почувствуваат потоа и ќе се согледаат. Времето на сликата е скаменето. Одминале луњи и дождови на распарчени метеори. Кога и како ќе дојдат нови не се знае. Другите слики наоколу, секоја за себе и во себе, со свои тајни се и таинствености. Негде метаболизмите се згуснатост на просторот.*

*Од овој миг веќе се обидувам да го согледам досегашниот најмногу денешниот опус на сликарот. Во безредието на овој пристап кон неговите слики, тој е сиот во фрагментарни допири. Допуштено ни е да поверуваме дека тоа е негов метод или негова потреба да создаде целина на доживувања со кои ги поврзува предметите и пределите, преоѓајќи од една на друга слика. Сè е можеби еден свет. Каменот и школката ,песочната дина и си-*

луетата, озраченоста и мракот. Имагинацијата се распостила преку секакви линии, во мекоста на боите да се почувствува понекогаш, бездруго свесно, и графицизам. Тоа бегло видување е предизвик за нова претпоставка. На овие слики, независно од свиокливоста или строгата линија што со зрелоста се проретчува, масивите и предметите се плазматично еластични. Се доближуваат, преземаат болскот, сенка и жилче едни од други. Еднаш е дрвото со скаменет стеблак над стеблото, другпат растението е 'ркулец вивнат од таинствена спора или од семка што ја довеле вселенски луњи. Доминантниот предел скоро и да не е обеспокоен од човек; тој е присутен со нешто што можело да биде негово: светилниче или железен предмет или што и да било. Според тоа човекот, значи гледачот, станува субјект соочен со сонот, и на сликарот и свој. Затоа понекогаш и ни се чини дека сме сведоци на мигот кога метаморфозата се скаменува, кога акцентите на топлите тонови се надвјасани во општиот хаос од студен и остар удар на призрачност, на некаков лом.

Хаос? Можеби негов устав за своевиден поредок. Ред? Можеби негови хаотични законитости на разбуричканост, во која ретко, сосема ретко, во загатливиот декор ќе се најдат згрчени костури на астронаути или скитници под наивистички батискаф, неоваземна силуета, митолошка пристрасност кон наказен спој на жена и полип, озрачена амеба развиена во симбол на страв.

Посебностите и взаемни зависности на сето тоа се впиваат во нас. Не нè фрлаат во романтичен занес. Но не ни даваат ни да се созамеме. И не нè поставаат во дилема дали сево ова е сликарство. Тоа е т о а, до максимум, повремено да се сфаќа како дејствителност и како сон, како ткаење, како луња и како воздишка, еднаш да е гниење на материјата, еднаш доразвиеност на нешто претчувствувано. Веќе споменатиот доми-

нантен предел на тоа нè повикува да се запрашаме минале ли низ него Аргонаутите во потрага по златното руно на божествениот овен или тие предели, блиски и пак оддалечени со голем број светлосни години, чекаат некој утрешен Одисеј да мине песочни и камени Сцили и Харибди, откривајќи го на својот пат магиското и чудесното на сликаровиот свет.

Поетиката на своето сликарство Васко Ташковски ја развивал врз искуството на монгу задгранични и овдешни сродни мајстори, давајќи му на фантастичниот свет свои акценти. Повремено во тој свет ќе препознаеме традиционалности на таканаречениот магиски реализам во кој нема дефинитивни формули и нема логична историска и биолошка основа. Таквите традиции се преобразуваат во лични, недвосмислено уметнички достигања. Тие се процес на творештво и молитва се за трајноста на уметноста. Тие традиции се зафат што ги доближуваат сродните сликари, разграничувајќи ги во исто време во индивидуалноста, во барањето и наоѓањето на свои врвици. На таква врвица чекори кон непознатото и Васко Ташковски со нем повик да му се придружиме како што сме им се придружиле на оние што нè возбудувале со свои откритија на возможното и на невозможното. Зашто само малку пред да го откриеме, сликарот ни го претставија оддалеку со мапа во која е апострофирана фантастиката низ столетија, делумно истргнувајќи го богатото македонско сликарство од анонимност.

Славко Јаневски